РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
26-03-2025
11 | 46/1
1469

Архивски знак 1106
Рок на чување 3 год
22.08.25

До
Информации
од јавен карактер

# Преставка

[redacted]

Барам писмено да ми одговорите, „Зошто немам писмен одговор на барањата кој се доставени писмено со печат и заведени во „Архивска книга за евиденции.

1. Барање до „Совет на Оп. Битола доставено на 12-02-2025 год

2. Барање до „Градоначалник на оп. Битола доставено на ден 20-02-2025

Ве молам на овие „барања" да добијам писмен одговор, со повик за разговор, ако барањите мислат дека нема потреба од разговор.

тогаш со правна поука кај да се обратам ~~од~~ [redacted]

Со почит

26.03.2025
Битола

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за правно нормативни работи

Бр.11-46/2
02.04.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-46/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

Примил
02.04.2025

ОПШТИНА БИТОЛА
**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
Одделение за правно - нормативни работи

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 07-04-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 46/3 | | |

Бр.10-сл./1
04.04.2025 год.
Б и т о л а

До

- Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер-
-Емилија Илиевска-

ПРЕДМЕТ: **Одговор на Барање,**
**Врска: Ваш бр.11-46/2 од 02.04.2025 година**

Почитувани,

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено, под Бр.11-46/1, од лицет[redacted]Ве известуваме дека истото лице имаше доставено Барање до Советот на Општина Битола на ден 21.03.2025год., во врска со тоа дали донесената Одлука од ЈП Комуналец Битола од 20.05.2002год., од Управен одбор има согласност од Советот на Општина Битола.

Во прилог Ви ги доставуваме бараните документи и тоа:

- Одлука за утврдување на цените за услугите за изнесување на комунален смет Бр.02-302/2 од 20.05.2002год., донесена од Управен одбор на ЈП „Комуналец"Битола.
- Решението за давање согласност на Одлуката на Управениот одбор на ЈП „Комуналец"Битола за утврдување цените на услугите за изнесување на комуналниот смет, донесена на Совет на Општина Битола, Бр.07-425/7 од 30.05.2002год.

Со почит,

Раководител
Благица Василевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 358 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

Врз основа на член 11 став 1, точка 6 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/96), член 27 од Законот за комунални дејности („Службен весник на РМ“ бр.45/97) и член 43 и 79 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола„ бр.2/96), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на 30.05.2002 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Комуналец„ Битола за утврдување цените на услугите за изнесување на комуналниот смет

1.Се дава согласност на Одлуката од Управниот одбор на ЈП „Комуналец“ Битола за утврдување цените на услугите за изнесување на комуналниот смет, бр.02-302/2 од 20.05.2002 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.„

Бр. 07-425/7
30.05.2002 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАВАЧ
на Советот на Општината Битола,
Марјанчо Танушевски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА СОВЕТ НА ОПШТИНАТА

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ П.О.
„КОМУНАЛЕЦ“ — БИТОЛА

| Примено: 11. 06. 2002 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 304/2 | | |

ПРЕТПРИЈАТИЕ П.О.
„КОМУНАЛЕЦ“
Бр. 02-302/2
20.05.2002 год.
Битола

Врз основанна член 14 од Статутот на ЈП"Комуналец"-Битола и член 27 од Законот за комунални дејности (Сл. весник на РМ бр. 45/97), Управниот одбор на претпријатието на својата седница одржана на ден 20.05.2002 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## За утврдување на цените за услугите за изнесување на комунален смет

I

Цените за услугите за изнесување, транспортирање и депонирање на комуналниот смет, што ги врши ЈП"Комуналец"-Битола, се утврдуваат:
1. Станбен простор од население по м2 изнесува 2,90 ден
2. Дворно место од население ..............................0,17 ден
3.Работни простории од претпријатија.....................4,50 ден
4. Дворно место од претпријатија.............................0,21 ден

II

Наплатениот износ остварен од претходната точка, ќе се користи за покривање на трошоците за чистење на ЈПП иЈЗП на град Битола и тоа на следниот начин:

| | Редовна работа | Нам.дел | |
|---|---|---|---|
| 1. Станбен простор од население | 2,20 | 0,70 | = 2,90 |
| 2.Дворно место од население | 0,17 | - | |
| 3.Деловен просто, од претпријатија | 3,80 | 0,70 | = 4,50 |
| 4.Дворно место од претпријатија | 0,21 | - | |

III

Да се обезбеди согласност од основачот-СО Битола.

IV

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката бр. 02-621/14 од 12.12.1994 година.

V

Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Управен одбор
Претседател
Петковски Борче

ОПШТИНА БИТОЛА
**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-46/4
07.04.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **26.03.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-46/2025** од **26.03.2025 година**, каде бара информации за писмени одговори за барањата кои се доставени до архивата на ден 12.02.2025 и 20.02.2025.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барател[redacted], поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-46/2025 на ден 26.03.2025 година. Во барањето наведе дека бара информации д информации за писмени одговори за барањата кои се доставени до архивата на ден 12.02.2025 и 20.02.2025.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-46/1 од 26.03.2025
2.Допис до Одделение за правно нормативни работи со бр.11-46/2 од 02.04.2025
3.Одговор од Одделение за правно нормативни работи со бр.11-46/3 од 07.04.2025.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 07.04.2025 година, под бр. 11-46/4.

**Службени лица за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

**Емилија Илиевска**